**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

---

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18), се доставува:

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 22-01-2019 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 303 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** вонреден по службена должност

2. **Субјект на надзорот:** радио програмскиот сервис на Трговско радиодифузно друштво РФМ ДООЕЛ Скопје

3. **Период опфатен со надзорот:** од 14 до 20 јануари 2019 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 22 јануари 2019 година

5. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 67 став 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (*Радиодифузерот е должен да спроведува најмалку 80% од програмскиот концепт за кој му е издадена дозволата во текот на една недела*)

   - **Упатство за надзор на спроведувањето на програмскиот концепт** (Бр. 01-2265/1 од 03.05.2018 г.)

6. **Претходно изречена мерка:**

   - *На 11.06.2018 година, за непочитување на членот 67 став 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗААВМУ), директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги донесе решение за изрекување мерка – опомена (Уп1 бр. 03-340, 11.06.2018 година) на Трговското радиодифузно друштво РФМ ДООЕЛ Скопје.*

     *Со изречената мерка, му наложи на радиодифузерот во рок од 30 дена од денот на приемот на решението (18.06.2018 г.), да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.*

   - *Со контролниот надзор врз програмскиот сервис на ТРД РФМ ДООЕЛ Скопје, емитуван во неделата од 6 до 12 август 2018 година, а спроведен на 26.10.2018 година (Писмен извештај за извршен програмски надзор бр.10-4674/1 од 26.10.2018 година), констатирано е дека ТРД РФМ ДООЕЛ Скопје не ја отстранило извршената повреда на член 67 став 6 од ЗААВМУ.*

     *Согласно член 23 став 1 алинеја 2 од ЗААВМУ, доколку се констатира непочитување на одредбите на овој закон и подзаконските акти донесени врз основа на него, како и на условите и обврските утврдени со дозволата и другите акти на Агенцијата, против издавач на медиум, директорот на Агенцијата ќе поднесе барање за поведување прекршочна постапка во случај кога и покрај донесеното решение за опомена, издавачот на медиумот*

*продолжува со вршење на истата повреда за која е опоменет, во текот на годината.*

*Следствено на наведеното, откако со Записник за неуспешно спроведена забрзана постапка за порамнување – постапка за издавање прекршочен платен налог наш арх.бр.03-4926/6 од 05.12.2018 година се констатираше дека неуспеала предложената постапка за порамнување со ТРД РФМ ДООЕЛ Скопје и одговорното лице на програмата во правното лице, Агенцијата на 10.12.2018 година, достави Барање за поведување прекршочна постапка наш арх.бр.03-5316/1 од 10.12.2018 година до Основниот суд Скопје 1 Скопје, против ТРД РФМ ДООЕЛ Скопје и одговорното лице на програмата.*

- *Исто така, Агенцијата, претходно, односно на 06.12.2018 година, до ТРД РФМ ДООЕЛ Скопје, испрати допис-Известување наш арх.бр.03-340 од 06.12.2018 година, со кој го извести радиодифузерот дека во текот на една недела е должен да спроведува најмалку 80% од програмскиот концепт за кој му е издадена дозволата. Имајќи го предвид членот 82 став 1 алинеја 5 од ЗААВМУ, во кој е пропишано дека Агенцијата ќе ја одземе дозволата за радио емитување пред истекот на рокот за кој што е издадена и ќе го избрише радиодифузерот од регистарот на радиодифузери по претходно доставено писмено известување доколку по издавањето на дозволата настанат околности што претставуваат законски пречки за имателот да ја врши дејноста, радиодифузерот беше известен дека треба да го усогласи работењето со одредбите од ЗААВМУ и дека доколку не го стори тоа, Агенцијата ќе започне постапка за одземање на дозволата за радио емитување.*

- *На 4-ти јануари 2019 година, Агенцијата изврши вонреден програмски надзор по службена должност на радио програмскиот сервис на ТРД РФМ ДООЕЛ Скопје, при што во Писмениот извештај за извршен програмски надзор бр.10-32/1 од 04.01.2019 година беше констатирано дека ТРД РФМ ДООЕЛ Скопје, во рамките на својот радио програмски севис, во неделата од 10 до 16 декември 2018 година, не спроведуваше најмалку 80% од програмскиот концепт за кој му е издадена дозволата.*

  *Со оглед на констатираното прекршување на член 67 став 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, во согласност со член 83 став 1 и став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, а во врска со член 82 став 1 алинеја 5 од истиот Закон, Директорот на Агенцијата, достави Предлог Уп1 бр.08-18 од 08.01.2019 година до Советот на Агенцијата за покренување постапка за одземање на дозволата за радио емитување на ТРД РФМ ДООЕЛ Скопје, бр.08-75 од 05.01.2015 година.*

- *Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 1-та седница одржана на 10.01.2019 година, согласно Заклучокот, бр.02-39/2 од 10.01.2019 година, го усвои Предлогот, Уп1 бр.08-18 од 08.01.2018 година, за покренување постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското радиодифузно друштво РФМ ДООЕЛ Скопје, доставен од предлагачот, Директорот на Агенцијата.*

  *Во врска со покренатата постапка за одземање на дозволата на Трговското радиодифузно друштво РФМ ДООЕЛ Скопје, а согласно член 82 став 1 од ЗААВМУ, Агенцијата на 10.01.2018 година, до радиодифузерот достави во писмена форма преку „Македонска пошта" Скопје, Известување Уп1 бр.08-18 од 10.01.2019 година, во кое му беше укажано на радиодифузерот дека доколку не го усогласи своето работење со одредбите од ЗААВМУ, Советот на Агенцијата во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на Предлогот за покренување постапка за одземање на дозвола, ќе донесе одлука за одземање на неговата дозвола за радио емитување, поради прекршување на член 67 став 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.*

## 7. Констатации од надзорот:

Со вонредниот програмски надзор реализиран по службена должност врз радио програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво РФМ ДООЕЛ Скопје, емитуван во периодот од 14 до 20 јануари 2019 година, на регионално ниво, на подрачјето на Скопје, **не е констатирано прекршување на членот 67 став 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (*Радиодифузерот е должен да спроведува најмалку 80% од програмскиот концепт за кој му е издадена дозволата во текот на една недела).*

Еднонеделната анализа на вкупно емитуваната програма во седмицата од 14 до 20 јануари 2019 година, покажа дека радио програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво РФМ ДООЕЛ Скопје, **го усогласи емитувањето на програмата со програмскиот концепт за којшто му е издадена дозволата.**

Во програмскиот концепт, составен дел на Дозволата за радио емитување бр.08-75 од 05.01.2015 година, Трговското радиодифузно друштво РФМ ДООЕЛ Скопје се обврзало:

- да биде говорно-музичко радио од општ формат во кое застапените видови програми остваруваат најмалку две од трите медиумски функции;
- говорниот дел од програмскиот сервис да го емитува на македонски јазик;
- застапеноста на сопствената програма на неделно ниво да биде 29 часа; и
- застапеноста на информации и други содржини од значење за подрачјето каде што се емитува радио сервисот во текот на неделата да биде 3 часа и 30 минути, од кои по 1 час и 30 минути програми со информативна и со забавна функција и 30 минути програми што исполнуваат образовна функција.

Според Упатството за надзор на спроведувањето на програмскиот концепт, ова се и критериумите за надзор на програмскиот концепт на програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво РФМ ДООЕЛ Скопје, што се вреднуваат на следниов начин: форматот на сервисот - 45%, јазикот на емитување на програмата - 25%, застапеноста на сопствена програма на неделно ниво - 5% и застапеноста на информации и други содржини од значење за подрачјето каде што се емитува радио сервисот - 25%.

Форматите за овој вид радиски програмски сервиси согласно Правилникот за форматите на програмските сервиси на радиодифузерите (Службен весник бр. 172/2014), се определуваат според два критериума: (1) според застапеноста на говорните содржини во вкупната емитувана програма во текот на една седмица, без времето одвоено за содржините што не подлежат на класификација[1]; и (2) според структурата на говорните содржини по вид аудиопрограми и според медиумските функции (информативна, забавна и образовна) што ги исполнуваат (член 9 од Правилникот).

---

[1] *Според точка 17 од Упатството за начинот на класификација на видовите аудиовизуелни и аудио програми (Службен весник бр. 171/2014) на класификација не подлежат: аудио комерцијални комуникации, објави на радиодифузерот во врска со неговите сопствени програми, соопштенија од јавен интерес, апели за добротворни цели, интермецо, верски служби и проповеди, најавни и одјавни шпици, џинглови и авизо.*

Застапеноста на говорните содржини во вкупно емитуваната програма во текот на една седмица кај говорно – музичко радио треба да биде над 15% до 25% (член 10 од Правилникот).

Говорно–музичките радија од општ формат мора да содржат најмалку 3 (три) од видовите аудиопрограми утврдени во Упатството за начинот на класификација на видовите аудиовизуелни и аудио - програми, при што видовите програми мора да исполнуваат најмалку две или претежно една медиумска функција (член 11 од Правилникот).

Кај говорно-музичките радија од општ формат, кај кои говорните содржини од програмата исполнуваат најмалку две медиумски функции, ниту една медиумска функција не смее да биде застапена со повеќе од 50% во говорниот дел од програмата во текот на една седмица (член 14 од Правилникот).

Во програмскиот концепт за кој му е доделена дозвола за работа, Трговското радиодифузно друштво РФМ ДООЕЛ Скопје пријавило дека:

- застапеноста на говорните содржини во вкупно емитуваната програма во текот на една седмица ќе биде 23,72%;
- ќе емитува 9 вида аудиопрограми[2] и дека структурата на говорниот дел од неделната програма според медиумските функции ќе биде:

  - 48,65% - застапеност на аудиопрограми со информативна функција;
  - 6,76% - застапеност на аудиопрограми со образовна функција;
  - 44,59% - застапеност на аудиопрограми со забавна функција.

Надзорот врз програмскиот сервис емитуван во неделата од 14 до 20 јануари 2019 година, покажа дека говорните, новинарски осмислени целини, беа застапени со 20,85% во неделната програма, опфаќаа 10 аудиопрограми различни по жанр, а со следнава структура според програмската функција што ја исполнуваат:

- 41,24% - застапеност на аудиопрограми со информативна функција;
- 19,12% - застапеност на аудиопрограми со образовна функција;
- 39,63% - застапеност на аудиопрограми со забавна функција.

**А.** Според членот 10 од „*Правилникот за форматите на програмските сервиси на радиодифузерите*“, радио форматите најнапред се определуваат според соодносот говор/музика, на програмата емитувана за период од една недела. Како што е погоре наведено, говорниот дел кај форматот говорно-музичко радио треба да се движи од минимум 15 до максимум 25 отсто, а РФМ во програмскиот концепт за којшто добил дозвола за работа, пријавил дека ќе биде говорно-музичко радио, со говорен дел од – 23,72 отсто. Со неделниот мониторинг, пак, на програмата од периодот од 14 до 20 јануари 2019 година, се покажа дека емитувал – 20,85 отсто говорни содржини, со што го исполни првиот класификациски критериум – по формат да биде – говорно-музичко радио. Со структурата на емитуваните аудио програми според медиумските функции, го исполни и вториот класификациски критериум за овој формат. Оттука, во

[2] *Упатство за начинот на класификација на видовите аудиовизуелни и аудио програми.*

согласност со точката 15 од Главата IV – „Начин на оценување" од *Упатството за надзор на спроведувањето на програмскиот концепт*, доделени му се (45) бодови за критериумот - исполнување на форматот;

**Б.** Со анализата на неделната програма се утврди дека РФМ го емитуваше говорниот дел од програмата на македонски јазик, оттаму доделени му се 25 бодови за критериумот – јазик на емитување.

**В.** Застапеноста на сопствената програма во анализираната недела беше 34 часа 40 минути и 54 секунди (говорен дел). Поимот – „програма од сопствена продукција" во член 2 точка 13 од поимникот на ЗААВМУ е дефиниран како:

- програма создадена по иницијатива и во организација на самиот радиодифузер;
- програма што се создава по нарачка на радиодифузерот (нарачана продукција);
- копродукција.

Во претходните надзори на исполнувањето на програмскиот концепт, беше констатирано дека ангажманот на РФМ се сведуваше на форма, односно на радиото се емитуваа / репризираа програми од Наша ТВ која има ист сопственик како и РФМ.

Со сегашниот надзор, констатирано е дека на одјавните шпици за сите емисии (уредувачки/новинарски обмислени аудио целини) стои – „продукција РФМ" (дадени се и дополнителни податоци – за датумот, и импресум – за новинарот, за техничко-реализаторската екипа и за уредувачката одговорност). Меѓутоа, за некои емисии не може со сигурност да се утврди дали се примарно правени за телевизијата - Наша ТВ или за РФМ. Имено, во некои емисии можеше да се чуе новинарско обраќање кон – *гледачи,* наместо кон - *слушатели.* Исто така, на најавните шпици за „Флеш бизнис вести" (типична уредувачка целина од дневни и/или тековни актуелни информации), стои: „РФМ флеш бизнис вести на Наша ТВ". Во одредени актуелно-информативни или во образовни емисии од областа на културата, уметноста и хуманистичките науки, како на пример – „Профит" и „Културо" – не може – со цврста сигурност - да се утврди дека продукциски се идентични со емисиите со ист наслов емитувани на Наша ТВ: - во одредени изданија, по внимателно слушање на исказите на новинарот, може да се наведат референци дека емисијата била емитувана на Наша ТВ, но – такви референци нема константно во сите изданија на истите тие емисии. Згора на тоа – програмската шема на РФМ од одреден датум за кој е направен конкретен мониторинг, и програмската шема на Наша ТВ од истиот тој датум (земен за – споредба, а поради проверка на првичноста на продукцијата) не покажуваат совпаѓање (паралелност) на исти емитувани емисии. Имајќи ги предвид ваквите карактеристики на програмата, како и тоа дека можеби станува збор за - „копродукција", сета емитувана програма е сметана за сопствена програма. Оттаму доделени се 5 бода за критериумот – застапеност на сопствена програма.

**Г.** Со мониторингот од 14 до 20 јануари 2019 година, беше констатирано дека има – новинарски / уредувачки осмислени целини со реален, дневен новинарски ангажман во продукција на РФМ, и тоа посебно во програмите со информативна функција („Бизнис вести" и „Движење"). Радиодифузерот емитуваше (најмалку) 4 часа 16 минути и 41 секунди програми што третираат настани, информации и други содржини од значење за подрачјето каде што се емитува програмскиот сервис, во случајов - на регионално ниво на подрачјето на Скопје. Ова е повеќе од 3 часа и 30

минути, колку што пријавил во програмскиот концепт за кој ја добил дозволата, поради што се доделени 25 бодови за критериумот - информации и други содржини од значење за подрачјето.

| **Критериуми за надзор** | **можни бодови** | **доделени бодови** | **% од концептот** |
|---|---|---|---|
| Формат | 45 | 45 | 45% |
| Јазик | 25 | 25 | 25% |
| Сопствена програма | 5 | 5 | 5% |
| Информации и други содржини од значење за подрачјето | 25 | 25 | 25% |
| **Вкупно** | **100** | **100** | **100%** |

Според наодите од надзорот врз исполнувањето на програмскиот концепт, спроведен врз програмата емитувана во седмицата од 14 до 20 јануари 2019 година, а имајќи ги предвид критериумите за надзор на програмскиот концепт утврдени во *Упатството за надзор на спроведувањето на програмскиот концепт*, програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво РФМ ДООЕЛ Скопје, во целост го исполнуваше програмскиот концепт за кој му е издадена дозволата за радио емитување. Во дополнителниот рок даден од Советот на Агенцијата, радиодифузерот го усогласи емитувањето на програмата со програмскиот концепт од дозволата, односно емитувањето на програмата го усогласи со членот 67 став 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**8. Опис на прекршувањето: /**

**9. Предлог:**

Директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги да предложи Советот на Агенцијата да ја запре покренатата постапка за одземање на дозволата за радио емитување бр.08-75 од 05.01.2015 година на Трговското радиодифузно друштво РФМ ДООЕЛ Скопје и да донесе решение за запирање на покренатата постапка со Предлогот, Уп1 бр.08-18 од 08.01.2018 година.

***Сектор за програмски работи***